РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

Врз основа на член 11, 30, 48 и 49 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 275/2019, 14/20, 215/21 и 99/22), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административна селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максимален број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Сл. Весник на РМ" бр. 11/2015, 35/2018 и 303/2020 и 208/24), и Правилник за систематизација на работните места на општина Виница бр. 10- 705/3 од 22.09.2015 година и Правилниците за изменување на Правилникот за систематизација на работните места на општина Виница бр.10/472 од 30.05.2016 година, бр.04-677/2 од 12.09.2016 година, бр.01-148/2 од 24.02.2017 година, бр.01-133 од 01.02.2018 година, бр. 01-390 од 02.04.2018 година, бр. 01- 390/2 од 27.07.2018 година, бр. 01-54 од 14.01.2019 година, бр. 01-54/3 од 07.08.2019 година, бр. 01-579/2 од 04.08.2021 година, бр. 04-284 од 04.03.2022 година, бр. 04-284/3 од 09.05.2022 година, бр. 04-75 од 26.01.2023 година, бр. 04-75/4 од 21.08.2023 година, бр. 04-809 од 19.09.2024 година и бр. 04-84 од 28.01.2026 година, ОПШТИНА ВИНИЦА објавува:

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Управни и административни органи
Бр. 04-357/4
16 03 2026 год.
ВИНИЦА

ИНТЕРЕН ОГЛАС број 1/2026
За пополнување на работни места со унапредување на административни службеници во општина Виница

Општина Виница објавува Интерен оглас за унапредување на 2 (два) административни службеници за следните работни места:

1. ИНС0101В01001 Советник Општински инспектор за животна средина,Одделение за инспекциски работи, **1 (еден) извршител**

Посебни услови:
- за нивото В1: ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен : Инженерство и технологија: Инженерство на животната средина

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- работно искуство, и тоа: најмалку три години работно искуство во струката,

Распоред на работното време:
Неделно работно време е од понеделник до петок, работни часови неделно 40 (четириесет), а дневно работно време е 8 (осум) работни часа од 07.30 до 15.30 часот.

Паричниот нето износ на збирот од делот на основната плата за степен на образование и делот на плата за ниво изнесува: 51.059 денари.

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Потребни општи работни компетенции на средно ниво:
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
финансиско управување.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во општина Виница, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во општина Виница, при што административниот службеник е потребно да ги исполнува и следните услови:

- да е оценет со оцена "А" или "Б" при последното оценување;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на тековното работно место;
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас,

2. УПР0101В01000 Внатрешен ревизор, Одделение за внатрешна ревизија,**1 (еден) извршител**

Посебни услови:
- за нивото В1: ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Правни науки; Економски науки
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- работно искуство, и тоа: најмалку три години работно искуство во струката,

Распоред на работното време:
Неделно работно време е од понеделник до петок, работни часови неделно 40 (четириесет), а дневно работно време е 8 (осум) работни часа од 07.30 до 15.30 часот.

Паричниот нето износ на збирот од делот на основната плата за степен на образование и делот на плата за ниво изнесува: 39 529 денари.

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следните општи услови:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Потреби општи работни компетенции на средно ниво:
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во општина Виница, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво со Законот за

административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во општина Виница, при што административниот службеник е потребно да ги исполнува и следните услови:

- да е оценет со оцена "А" или "Б" при последното оценување;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на тековното работно место;
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас,

Заинтересираните административни службеници поднесуваат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на општина Виница до Одделението за управување со човечки ресурси на адреса ул. „Бел Камен" бр. 13 Виница и до службената електронска адреса на Одделението за управување со човечки ресурси hrvinica@gmail.com
Кон пријавата кандидатите можат да ги приложат следниве докази:

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за доставување на пријавите со доказите изнесува 5(пет) дена од денот на објавувањето на интерниот оглас на web страните на општина Виница и Агенцијата за администрација.

Во пријавите кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на Секретарот на општина Виница.

Изработил
Луиза Алексова
Одобрил
Даниела Јаковлеска

ОПШТИНА ВИНИЦА
Секретар
Дарко Јангелов